Иван Василевски
Ацо Манински

# СТРУМИЧАНИ

Енциклопедиски именик

Издавач
СОБРАНИЕ НА ОПШТИНА СТРУМИЦА
Струмица 2003



МИТЕВА ДИМКА – научник, македонист. Родена е на 18 февруари 1946 година во с. Варварица, Струмичко. Завршила Филозофски факултет во Скопје (Славистика 1970), каде што магистрирала („Топонимијата на Струмичко“, 1977) и докторирала („Лексичкиот фонд во приказните на Марко Цепенков“, 1987). Била на куси научни престои во Варшава и Краков. Од 1971 година работи во Институтот за македонски јазик „Крсте Петков Мисирков“ во Скопје каде што го добила највисокото научно звање во институтите – научен советник (1994). Од почетокот на 1992 година го раководи главниот проект на Одделението за лексикологија и лексикографија „Толковен речник на македонскиот јазик“ со потпроект „Речник на македонската народна поезија“.

Била делегат на Универзитетскиот совет; заменик-претседател на Научниот совет на Институтот за македонски јазик „К. П. Мисирков“, член на Научниот совет на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје; член на Советот на „Рациновите средби“; член на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Скопје; долгогодишен член на Претседателството на Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература и негов претседател; претседател на Македонскиот славистички комитет, член на Претседателството на славистичките друштва на Југославија; делегат на Собранието на Сојузот на преведувачите на Македонија; член на Советот на Семинарот за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, уредник на списанијата „Литературен збор“ и „Македонистика“; итн.

Објавила околу 200 научни и стручни трудови презентирани на конгреси, научни собири, симпозиуми и семинари, како и неколку посебни изданија (книги): „Речник на македонската народна поезија во четири томови (коавтор), „Топонимијата на Струмичко“ (1989); „Прилози за јазикот на петмина македонски писатели“ (Марко Цепенков, Кузман А. Шапкарев, Константин Миладинов, Кочо Рацин, Коле Неделковски, 1994); „Јазични тестови“ (1994); „Македонска лексикографија“ (1994); „Морфолошка анализа на македонската реченица“ (1995); „Синтаксичка анализа на македонската реченица“ (1995); Толковен речник на јазикот на М. Цепенков во четири томови (1995/96) и други.

Добитничка е на Ореден на трудот со сребрен венец (1986).

Адреса: бул. „Јане Сандански“, бр. 104 / 16, 1000 Скопје.

Тел.: ++ 389 02 447 769.

Струмичани, Енциклопедиски именик (стр. 136–137)